## ПОДГОТВИТЕЛНА НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**I.** Странските студенти кои сакаат да се запишат на студиските програми на прв циклус на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип треба да посетуваат подготвителна настава по македонски јазик во траење од два семестра. За таа цел ги доставуваат следниве документи:

- копија од потврдата издадена од Министерство за образование и наука за започнување на постапката за нострификација на дипломата од средно образование; - Копии од:
- диплома за завршено средно образование (апостил печат на дипломата за земјите-потписнички на Хашката конвенција, а за останатите печат од Министерството за надворешни работи);
- свидетелства за секоја завршена година;
- транскрипт (документ за образование);
- извод од матичната книга на родените;
- државјанство;
- копија од првата страница на пасошот (скенирана и испратена на подолу наведена мејл адреса);
- лекарско уверение, вклучително и ХИВ и хепатит Ц тест.

• Секоја од овие копии треба да биде заверена кај нотар во државата од каде што доаѓа студентот и преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач во Република Македонија со нотарска заверка.
• Документите се доставуваат лично или преку ополномоштено лице, кое од своја страна смее да достави документи само за еден кандидат.
• Сите идни студенти треба да имаат завршено четиригодишно средно образование. Истото се однесува и за кандидатите кои доаѓаат од Република Турција.

**II.** По примањето на наведените документи од кандидатот, референтот за странски студенти во рок од три дена му ги издава следниве документи:

- потврда за редовен студент на подготвителна настава по македонски јазик на Институтот за македонски јазик при Филолошки факултет во Штип;
- студиска програма за предвиденото образование на студентот.

**III.** По добивањето на овие документи, обврска на кандидатот е да потпише договор со Институтот за јазици при Филолошкиот факултет во Штип за започнување со курс за изучување на македонски јазик. Кандидатот треба да посетува два курса, секој по три месеци, за што добива сертификат за А1 и А2 ниво. Студентот уплаќа парични средства во износ од 500 евра или вкупно 1000 евра во денарска противвредност на жиро-сметката што е наведена во договорот.

## ПРИЈАВУВАЊЕ И УПИС НА ФАКУЛТЕТ

По завршувањето на подготвителната настава, странскиот студент се пријавува во еден од трите рокови определени со Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии на студиските програмии на Универзитетот „Гоце Делчев“ и ги поднесува следниве документи:

- решение за нострификација на дипломата за завршено средно образование издадено од Министерството за образование и наука во Република Македонија;
- диплома за завршено средно образование (апостил печат на дипломата за земјите-потписнички на Хашката конвенција, а за останатите печат од Министерството за надворешни работи);
- свидетелства за секоја завршена година;
- транскрипт (документ за образование);
- извод од матичната книга на родените;
- државјанство;
- копија од првата страница на пасошот (скенирана и испратена на подолу наведена мејл адреса);
- лекарско уверение за психофизичка состојба издадена од лекар специјалист во државата од каде што доаѓа, вклучително и ХИВ и хепатитис Ц тест (не постари од 6 месеци);
- сертификати за познавање на македонски јазик за А1 и А2 ниво/потврда за познавање на македонски јазик за студентите од Балканот.

Освен наведените документи, потребно е да се доставаат и документи за пријавување (од книжарница на Универзитетот). Откако ќе биде објавена листата на примени странски кандидати на прв циклус студии, студентите доставуваат документи за упис (книжарница на Универзитетот), како и уплати за првата рата од партиципацијата.

## ДОЗВОЛА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ

Странските студенти треба да аплицираат за добивање на решение за одобрен привремен престој во дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија во земјата од каде што потекнуваат. Потребни се документите добиени од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип: потврда за редовен студент, студиска програма за предвидениот факултет и доказ дека го владее македонскиот јазик или дека се запишал на курс за изучување на јазикот.

Дополнителни информации може да добиете на веб-страницата на МНР – www.mfa.gov.mk.

Следниот чекор е добивање на дозвола за привремен престој, за што странскиот студент аплицира во Министерството за внатрешни работи. Дополнителни информации може да добиете на веб-страницата на МВР - www.mvr.gov.mk во делот на легислатива - Закон за странци (The Law on Foreigners).

**Важно**: Дозвола за привремен престој во Република Македонија треба да обезбедат сите идни странски студенти кои доаѓаат од балканските држави (Хрватска, Србија, Бугарија...), со цел да добијат единствен матичен број кој ќе послужи за нивно воведување во системот на електронска евиденција.

Ова се однесува и на студентите кои планираат да се префрлат во матичните земји по завршувањето на првиот семестар. За оваа цел Универзитетот им издава потврда за редовен студент, потврда за познавање на македонски јазик, како и студиска програма од избраниот факултет.

E-mail: pavlinka.pavlova@ugd.edu.mk